ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА,
по скратена постапка

**Скопје, јуни 2025**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: 20. 06. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia. Org. | Број Numer | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 35681/1 | | |


**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Бране Петрушевски
Тони Ѓаревски
Драгана Бојковска
Јане Мицевски
Катерина Димитровска

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно одредбите од постојниот текст на Законот за јавните патишта нема можност за дигитално евидентирање на јавните патишта, а посебно на јавните патишта кои се во надлежност на општините, што е од особена важност во однос на евиденцијата и сега се воведува како параметар неопходен за подобро функционирање на системот за управување со патни средства на јавните патишта.

Исто така се засилува безбедноста на патиштата од аспект на предвидување на нова дефиниција за експресен пат, како и се проширува на кои се места односно јавни патишта може да се поставaт/применуваат мерки за забавување на сообраќајот во согласност со прописите за безбедност во сообраќајот, имајќи ги во предвид случувањата од последните неколку години за начините на управување со моторни возила во населени места и често неприлагодување на брзините на патот што придонесуваат до зачестени сообраќајни несреќи кои за жал завршуваат и со многу лош исход.

Воедно со оглед на модернизацијата во секој сегмент на општественото живеење кој придонесува за поквалитетен начин на живеење, се наметнува и потребата од воведување на нови начини на плаќање на патарина, кои придонесуваат најмногу за намалување на времетраењето на чекање на наплатните станици-патарини, а се придонесува и кон раширена мрежа на наплатни места и начини на плаќање на патарина. Односно постпејд и припејд наплата и можности за надополнување на веќе воведените М-кард и М-таг на целата територија на државата во малопродажни објекти, со цел стимулирање на електронскиот начин на наплата на патарините и непречено движење на автопатите од страна на македонските државјани и странските државјани.

Дел од одредбите се од технички карактер.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Основни цели на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта е зголемена безбедност и функционалност при начинот на управувањето, планирањето, изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето, заштитата, финансирањето, и надзорот на јавните патишта.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта не предизвикува финаниски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства и спроведувањето на законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 39/10, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21, 253/23 и 224/24) во член 4 точката 5 се менува и гласи:

„ „Експресен пат“ е јавен пат кој е проектиран и изграден за сообраќај на моторни возила, означен со пропишан сообраќаен знак, со два физички раздвоени коловози и две сообраќајни ленти за секоја насока или со еден коловоз и најмалку една сообраќајна лента за едната насока и две сообраќајни ленти за другата насока наизменично на кратки интервали според условите на патот кои може да бидат физички раздвоени, со крстосници вон ниво и без вкрстување со друг пат, железничка пруга или со пешачка односно велосипедска патека, на кој сообраќајот може да се вклучи, односно исклучи само на одредени места и посебно изградени приклучоци на експресниот пат преку ленти за забрзување и забавување, кој е заштитен од пристап надвор од овие површини и на кој има проширувања за принудно застанување и места за одмор на патници;“.

Член 2

Во членот 25 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Техничките елементи за планирање, проектирање, изградба, реконструкција и одржување на велосипедската инфраструктура ги пропишува министерот за транспорт.“

Член 3

Во членот 27 ставот (4) се менува и гласи:

„ На општински патишта и улици, како и на улици во населено место како дел од државен пат може да се применуваат мерки за забавување на сообраќајот во согласност со прописите за безбедност во сообраќајот.“

По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„ (5) По исклучок од ставот (4) на овој член, на државни патишта може да се применуваат мерки за забавување на сообраќајот во зона на образовни установи, наплатни станици, државни граници и други објекти каде што поради безбедност на

сите учесници дополнително е ограничена дозволената брзина на движење, во согласност со прописите за безбедност на сообраќајот.“

Член 4

Во членот 38 во ставот (2) зборовите „ билет за платена патарина - фискална сметка“ се заменуваат со зборовите „доказ за платена патарина“.

Член 5

Во членот 52 ставот (6) се брише.

Член 6

По членот 52 се додава нов член 52-а кој гласи:

„Член 52-а

(1) Јавното претпријатие, општините и градот Скопје се должни да водат евиденција за јавните патишта кои се во нивна надлежност.
(2) Евиденцијата за јавните патишта се води по делници како основен елемент на јавниот пат.
(3) Евиденцијата за јавни патишта опфаќа:
- податоци за патните правци, делници и јазли и
- сообраќајно – технички податоци.
(4) Заради водење на евиденција на јавните патишта се врши идентификација на јавните патишта со соодветен референтен систем и стационажа.
(5) Надлежните органи за јавните патишта од ставот (1) на овој член се должни евиденцијата на јавните патишта да ја водат во дигитална форма како составен дел од единствениот систем за управување со патни средства на јавните патишта.
(6) Општините и градот Скопје се должни евиденцијата за јавните патишта кои се во нивна надлежност да ја доставуваат до Јавното претпријатие на годишно ниво.
(7) Министерот за транспорт во согласност со министерот за внатрешни работи, го пропишува начинот за идентификација на јавните патишта со соодветен референтен систем и стационажа.“.

Член 7

Во членот 55 се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Финансиските средства за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта и за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје во врска со

одржувањето и заштитата на магистралните и регионалните патишта се обезбедуваат од приходите кои ги остварува јавното претпријатие со сопственото работење и други извори согласно Законот за јавните претпријатија, како и од Буџетот на Република Северна Македонија и други приходи.

Член 8

Во членот 58 ставот (3) се менува и гласи:

„ Наплатата на надоместокот од ставот (1) на овој член ја врши Јавното претпријатие на наплатните станици на самиот пат и тоа: готовински и со платежни дебитни или кредитни картички, електронски со безконтактни смарт картици и со уред за електронска наплата на патарина (таг) како и со билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање. Електронската наплата на патарината со таг може да се врши и преку правни лица за продажба и дистрибуција на уреди за електронска наплата на патарина (таг) избрани од страна на Јавното претпријатие по пат на јавен повик, кои ги исполнуваат условите согласно овој закон. “

Ставот (5) се менува и гласи:

„ За платениот надоместок од ставот (1) на овој член кој се врши готовински или со платежни дебитни или кредитни картички на корисникот на патот му се издава билет за патарина-фискална сметка која корисникот е должен да ја чува во возилото за цело време на движење на патот како доказ за наплата на патарината, а платениот надоместок кој се врши електронски со безконтактни смарт картици или со уред за електронска наплата на патарина (таг) се евидентира во системот за електронска наплата на патарина на Јавното претпријатие.“.

Член 9

По членот 58 се додава нов член 58-а кој гласи:

„Член 58-а

(1) Електронската наплата на патарината преку уред за електронска наплата на патарина (таг) Јавното претпријатие може да ја врши и преку правни лица со објавување на јавен повик, при што висината на цената за продажба на еден уред за електронска наплата на патарина (таг) не смее да е повисока од цената утврдена во актот од член 58 став (2) од овој закон.
(2) Јавниот повик од ставот (1) на овој член се објавува за склучување на договор со правни лица за продажба, дистрибуција и наплата на патарина со уреди за електронска наплата на патарина (таг) и тоа во три дневни весници што излегуваат на територијата на Републиката од кои еден од весниците што се издаваат на

јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, во времетраење од пет дена.
(3) Јавниот повик од ставот (1) на овој член особено содржи податоци за начините на електронска наплата на патарината со уреди за електронска наплата на патарина (таг) согласно актот од член 58 став (2) од овој закон како и податоци за условите кои треба да ги исполнуваат правните лица со цел да склучат договор за продажба, дистрибуција и/или наплата на патарина со уреди за електронска наплата на патарија (таг) и тоа:
-да имаат широко распространета мрежа на продажни места (најмалку 25 активни продажни места), како и широка мрежа на постоечки корисници (физички и правни лица) на нивните услуги, како база за понудување на услугите за продажба на уреди за електронска наплата на патарина (таг) и нивно надополнување, од најмалку 200.000 корисници,
-да овозможуваат различни видови на плаќање (во продажно место, преку интернет страница, фактурно плаќање и др.) и искуство со нудење на услуги со претплата и услуги со одложено плаќање,
-да имаат високо ефикасни и безбедни системи за наплата,
-да имаат висока маркетингшка достапност преку медиуми, социјални мрежи и друго, со цел да се обезбеди информирање и пристап до поголем број и различни видови корисници,
-висина на годишен бруто приход во последните три години (најмалку 1.800.000.000,00 денари) и
-висина на банкарска гаранција за периодот на времетраењето на договорот.
(4) Јавниот повик од ставот (3) на овој член се објавува по претходно донесена одлука од страна на управниот одбор на Јавното претпријатие, во која се содржани податоците од јавниот повик и условите кои треба да ги исполнуваат правните лица согласно ставот (3) на овој член.
(5)Јавниот повик од ставот (3) на овој член се спроведува од страна на трочлена комисија од редот на вработените во Јавното претпријатие, која во рок 20 дена од денот на завршувањето на јавниот повик доставува записник до директорот на Јавното претпријатие за тоа кои правни лица ги исполнуваат условите од јавниот повик.
(6) Со правните лица кои ги исполнуваат условите од јавниот повик Јавното претпријатие склучува договор за продажба, дистрибуција и наплата на патарина со уреди за електронска наплата на патарина (таг) со времетраење од пет години.
(7) Јавниот повик за склучување на договори со правни лица за продажба, дистрибуција и наплата на патарина со уреди за електронска наплата на патарина (таг), Јавното претпријатие може го да распишува и повеќе пати годишно доколку има заинтересирани правни лица за склучување на овој вид договори, а најмалку еднаш на секои пет години.“.

Член 10

Во членот 60 ставот (4) се менува и гласи:

„Уплатените средства на сметка на Јавното претпријатие кои се остварени по основ на надоместокот од ставот (1) на овој член, се приход на Јавното претпријатие и се користат за изградба, реконструкција, рехабилитација и заштита на државните патишта, а до 50% од овие средства се распределуваат на општините, односно на градот Скопје за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици согласно со годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици.“.

Член 11

Во членот 65 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „ како и лица со трансплантиран орган или ткиво и лица донори на орган или ткиво, со утврдена состојба согласно конзилијарно мислење од соодветна здравствена установа за примање на терапија односно отпусно писмо од соодветна здравствена установа со кое е утврдено дека истите се донори.“.

Член 12

Во членот 66 во ставот (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „како и лица со трансплантиран орган или ткиво и лица донори на орган или ткиво, со утврдена состојба согласно конзилијарно мислење од соодветна здравствена установа за примање на терапија односно отпусно писмо од соодветна здравствена установа со кое е утврдено дека истите се донори.“

Во ставот (3) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите„ а во возилата на лицата со трансплантиран орган или ткиво и лицата донори на орган или ткиво од ставот (2) на овој член треба да има конзилијарно мислење со печат и потпис од соодветна здравствена установа за примање терапија односно отпусно писмо со печат и потпис од соодветна здравствена установа со кое е утврдено дека истите се донори.“

Член 13

Во член 79 во ставот (1) точката 10) се менува и гласи:

„корисникот на патот билетот за патарина-фискална сметка за готовинско плаќање на надометокот не го чува во возилото за целото време на движење на патот или корисникот на патот не е евидентиран во електронскиот систем за наплата на патарина на Јавното претпријатие (член 58 став (5)).“.

Член 14

Единствениот систем за управување со патни средства на јавни патишта кој се однесува на општинските патишта ќе го воспостави Министерството за транспорт најдоцна во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Општините и градот Скопје ќе отпочнат да ја водат евиденцијата на јавните патишта во нивна надлежност во Единствениот систем за управување со патни средства на јавните патишта од денот на воспоставувањето на Единствениот систем за управување со патни средства на јавните патишта од ставот 1 на овој член.

Член 15

Експресните патишта за кои до денот на влегувањето во сила на овој закон е отпочната изработката на проектна документација за изградба и/или реконструкција, за кои е изработена проектна документација за изградба и/или реконструкција, како и експресните патишта за кои до денот на влегувањето во сила на овој закон е отпочната изградбата, ќе продолжат со изградба и/или реконструкција согласно одредбите од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 39/10, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21, 253/23 и 224/24).

Член 16

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта е систематизиран во 16 члена.

Членот 1 предвидува изменување односно допрецизирање на дефиницијата за „Експресен пат“ во членот 4 точка 5 од Законот за јавните патишта.

Со членот 2 од Предлогот на законот се воведува можност за детално разработување на велосипедска инфраструктура во член 25 од Законот.

Со членот 3 од Предлогот на законот се менува членот 27 став 4 и се дополнува со нов став 5, така што се врши терминолошко усогласување на видовите патишта наведени во постојниот став 4 со дефиницијата за државни патишта во член 4 точка 3 од Законот според кој државен пат е јавен пат категоризиран како автопат, експресен пат, магистрален и регионален пат од прва и втора категорија; Воедно се предвидува можноста на сите општински патишта и улици како и улици во населено место кои се дел од државен пат да се применуваат мерките за забавување на сообраќајот согласно прописите за безбедност во сообраќајот.

Со членот 5 се брише ставот (6) во членот 52 односно овластувањето за подзаконски акт за начинот на идентификација на јавните патишта со соодветен референтен систем и стационажа, но оваа измена е од чисто технички карактер, бидејќи истото овластување со вградува во новопредложениот член 52-а, кој се додава со членот 6 од Предлогот на закон.

Со членот 6 се додава нов член 52-а во кој се уредува начинот на водењето на евиденцијата за јавните патишта, односно се предвидува обврска за дигитално евидентирање на јавните патишта кои се во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта- државните патишта, како и во надлежност на општините и Градот Скопје-општинските патишта, со соодветен референтен систем и стационажа како и доставување на евиденцијата на општинските патишта до Јавното претпријатие за државни патишта.

Членот 7 од Предлогот на закон има за цел допрецизирање на финансиските средства за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во членот 55, како нов став (2).

Членот 4 од Предлог законот е со цел во членот 38 став (2) од Законот да се прилагоди доказот за платена патарина со начинот на плаќање на патарината кој е подетално уреден со Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.118/19 и 88/25) донесена врз основа на член 58 од Законот за јавните патишта односно покрај готовински и електронски. Во оваа насока е и

изменувањето на членовите 58 и 79 со членовите 8 и 13 од Предлог законот соодветно.

Имено во членот 58 од Законот за јавните патишта е уредено за што може да се воведе плаќање на надоместок за употреба на пат (патарина), кој ја врши наплатата како и за што се користат средствата од надоместокот односно на кој начин се докажува платениот надоместок.Воедно во ставот (3) од член 58 од Законот за јавните патишта е предвидено дека висината и начинот на наплата се предмет на подзаконски акт согласно определени критериуми. Оттука, имајќи ги во предвид придобивките од наплаќањето на патарините по електронски пат со уред за електронска наплата (таг) кој начин на наплата се покажа како успешен согласно Договорот Open Balkan, така што меѓудругото се овозможува намалување на гужвите на патарините, брзо поминување на секоја наплата станица и тоа не само во Република Северна Македонија туку и во други земји, како и можноста од лесна достапност на овие уреди за електронска наплата согласно дигитализацијата која е присутна во секоја сфера од живеењето, се има за цел соодветно изменување односно предвидување на општиот начин на наплата во членот 58 со член 8 од Предлогот на закон.

Во насока на посоченото се додава и нов член 58-а со членот 9 од Предлогот на законот, така што ќе овозможи поширока мрежа на достапност за купување и надополнување на уредот М-ТАГ, освен во просториите на Јавното претпријатие и во други места, за која цел Јавното претпријатие би распишало јавен повик па сите правни лица кои ги исполнуваат условите би можеле да вршат, продажба и надополна на М-ТАГовите како и вид на постпејд наплата, кој би се регистрирал преку веќе воведениот систем за електронска наплата на патарина од страна на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со членот 10 технички се корегира текстот на член 60 од Законот за јавни патишта во насока на правилно и целосно искористување на средствата од надоместокот за употреба на јавните патишта, во соодветен процент за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици согласно годишната програма донесена за истото.

Членовите 11 и 12 имаат за цел да предвидат ослободување од патна такса и патарина и на лицата донори на органи и ткива и лицата со трансплантирани органи и ткива.

Со членот 13 се менува член 79 од Законот, односно делот на прекршочните одредби се усогласуваат со предложените измени во однос на покрај физички доказ за платена патарина-фискална сметка, се воведува и евиднецијата во електронскиот систем, за оние кои врштелектронска наплата на патарина.

Членот 14 претставува преодна одредба со која се уредува рокот во кој би се воспоставил Единствениот систем за управување со патни средства на јавни патишта кој се однесува на општиниските патишта, како и во кој рок општините и градот Скопје треба да отпочнат со водење на евиденција во овој систем, за јавните патишта кои се во нивна надлежност, односно општинските патишта, согласно предвидените измени во член 4 од Предлог законот со кој се додава нов член 52-а.

Членот 15 исто така претставува преодна одредба во однос на оние експресни патишта кои доденот на влегувањето во сила на предлог законот биле

проектирани и изградени, односно се во тек на изградба, да продолжат согласно одредбите по кои започнале.

Со членот 16 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенија содржани во одредбите од овој предлог закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбедат услови кои придонесуваат кон побезбедно користење на јавните патишта и поквалитетни услуги поврзани со користењето на јавните патишта.

ИЗВОД
НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА
КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

**Член 4**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1. „Пат” е сообраќаен објект на кој се врши сообраќај;
2. „Јавен пат” е пат кој е определен како јавен пат и може да биде државен или општински;
3. „Државен пат” е јавен пат категоризиран како автопат, експресен пат, магистрален и регионален пат од прва и втора категорија;
4. „Автопат” е јавен пат специјално проектиран и изграден за сообраќај на моторни возила , означен со пропишан сообраќаен знак, со физички раздвоени коловози по насоки, кој има најмалку две сообраќајни ленти и по една лента за принудно застанување во секоја насока, со раскрсници вон ниво, без вкрстување со друг пат, железничка пруга или со пешачка патека, на кој сообраќајот може да се вклучи, односно исклучи само на одредени места и посебно изградени приклучоци на јавните патишта на соодветна коловозна лента на автопат и кој е заштитен од пристап надвор од овие површини и има места за одмор на патници и сервиси за возила;
5. „Експресен пат” е јавен пат кој е специјално изграден и наменет исклучиво за сообраќај на моторни возила, означен со пропишан сообраќаен знак, со најмалку по една лента за секоја насока и лента за застанување, на кој сообраќајот може да се вклучи, односно исклучи само на одредени и посебно изградени приклучоци и кој е заштитен од пристап надвор од овие површини;
6. „Меѓународен пат” е јавен пат кој со меѓународен договор или спогодба што ги ратификувала Република Северна Македонија е распореден во мрежата на меѓународни патишта;
7. „Магистрален пат” е јавен пат кој поврзува поважни региони на државата и кој се надоврзува на соодветните патишта на соседните држави;
8. „Регионален пат од прва категорија” е јавен пат кој поврзува подрачја на две или повеќе општини во државата и е од посебно значење за државата;
9. „Регионален пат од втора категорија” е јавен пат со функција на општински пат, а кој поради значењето за државата е категоризиран како државен пат;
10. „Општински пат” е јавен пат кој поврзува населени места на општината и е од значење за сообраќајот во општината;
11. „Земјен пат” е пат без изградена коловозна конструкција;

12. “Макадамски пат” е пат со изградена коловозна конструкција без асфалтирана или бетонирана засторна површина;
13. „Коловоз” е дел од површината на патот наменет првенствено за сообраќај на моторни возила, кој е составен од една или повеќе сообраќајни ленти;
14. „Труп на пат” е конструктивен елемент што го сочинуваат горниот и долниот строј на патот, вклучувајќи го и земјиштето на кое е изграден;
15. „Патен појас” е просторот од двете страни на трупот на патот кој се протега најмалку еден метар сметано од крајниот раб на напречниот пресек на патот;
16. „Воздушен простор” е заштитен простор од минимум седум метри над највисоката точка на коловозот или на патниот објект, а кој се протега над целата воздушна заштитена зона;
17. “Заштитен појас“ е земјен појас од двете страни на патниот појас во кој не можат да се градат објекти, освен објекти кои се во функција на патот;
17-а. “Објекти во функција на патот“ се објекти кои служат за потребите на возилата и патниците учесници во сообраќајот;
18. „Непречен пресек на пат“ е нормален пресек на подолжната оска на патот во кој се вклучени коловозот, банкини, разделен појас, косини, риголи, одводни канали, патна опрема и објекти за заштита на животната средина;
19. „Крстосница” е површина на која се вкрстосуваат или соединуваат два или повеќе јавни патишта;
20. „Улица” е сообраќајница во населено место наменета за сообраќај на возила која може да биде сочинета од коловоз, тротоари, велосипедски патеки и разделни острова;
21. „Јавно паркиралиште” е посебно уреден и обележан простор наменет за паркирање на определен вид возила. Јавните паркиралишта можат да бидат надвор од површините опфатени со патиштата и улиците или на самите патишта и улици;
22. „Магистрална улица” е сообраќајница во населено место која поминува низ поголемиот дел од населеното место и се поврзува со магистрален или регионален пат;
23. „Собирна улица”е сообраќајница во населено место која го собира сообраќајот од сервисни, станбени и локални улици и се поврзува со магистрална улица или општински пат;
24. „Сервисна улица” е сообраќајница во населено место која ги поврзува собирните улици со станбените и локалните улици;
25. „Станбена улица” е сообраќајница во населено место која ги поврзува станбените и деловните објекти со собирната и сервисната улица;
26. „Патарина“ е наплата на одреден надоместок за возило кое поминува растојание меѓу две точки на патната инфраструктура во зависност од поминатото растојание и видот на возилото;
27. „Надоместок за употреба на пат (патна такса)“ е наплата на одреден износ кој на соодветно возило му дава право за одреден период да ја користи патната инфраструктура;
28. „Објекти на јавен пат“ се мостови, подвозници, надвозници, пропусти, тунели, галерии, потпорни конструкции, подземни и надземни премини, објекти за наплата на патарина и слично и

29. „Пристапен пат“ е дел од јавниот пат со кој јавниот пат се надоврзува до објектите на тој пат.
30. ТЕМ патишта се државни патишта распоредени во мрежата на меѓународни патишта и кои се надоврзуваат на соодветни патишта на соседните држави.
31. Ревизија на безбедноста на ТЕМ патиштата е независна, детална, систематска и техничка проверка на безбедноста која се однесува на проектираните карактеристики на проектот на јавен пат и ги опфаќа сите фази од планирање до пуштање во употреба на јавен пат за сообраќај.
32. Проверките за безбедност на патиштата се дел од проектниот процес на инфраструктурниот проект во фазата на нацрт проект, детален проект, претходно пуштање во работа и почетна функционалност.
33. Оцената на влијанието на безбедноста на сообраќајот на патиштата е задолжителна анализа со која се врши споредување на постоечката состојба на јавниот пат и влијанието на новоизградениот јавен пат, како и реконструкција на постоечкиот јавен пат и влијанието од реконструкцијата на нивото на безбедност на патната мрежа.

**Член 25**

(1) Јавните патишта се проектираат, градат и реконструираат согласно со својата намена, овозможувајќи безбеден и непречен сообраќај и заштита на животната средина, а во согласност со овој закон и прописите за проектирање и градење.
(2) Техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот ги пропишува министерот за транспорт со позитивно мислење од Јавното претпријатие.

**Член 27**

(1) На мостовите, во тунелите, галериите и други објекти на јавен пат, ширината на коловозот не смее да биде помала од ширината на коловозот на јавниот пат.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, поради состојбата на теренот и техничките можности на мостовите, галериите и други објекти на јавен пат ширината може да биде помала, но не помала од ширината на коловозот на јавен пат од пониска категорија, по поднесено барање до Јавното претпријатие, по кое Јавното претпријатие издава потврда.
(3) Автобуските стојалишта на јавен пат, надвор од населено место, на дел од државен пат во населено место и на магистралните улици треба да бидат надвор од коловозот.
(4) На магистрални, регионални и локални патишта и улици во населените места, на приодите кон училиштата, детски установи, болници, спортски објекти и други места, во близина на пешачки премин, можат да се поставуваат сообраќајно техничките средства за забавување на сообраќајот согласно со прописите за безбедност во сообраќајот.

## Член 38

(1) За штетата што ќе им биде причинета на корисниците на јавните патишта и улици поради пропуштање на навремено извршување на потребните работи и преземање на соодветни мерки за одржување на јавните патишта и улици одговара правното лице на кое врз основа на договор му се отстапени работите за одржување на јавните патишта и улици.

(2) Република Северна Македонија и правното лице на кое врз основа на договор му се отстапени работите за одржување на јавните патишта и улици не одговара за штетата што ќе им биде причинета на корисниците на јавните патишта и улици поради удар со возилото во животни, доколку корисникот на патот нема билет за платена патарина - фискална сметка, а согласно со рангот на патот задолжително е плаќање патарина или доколку возилото не е регистрирано или доколку возачот кој го управувал возилото не поседува возачка дозвола.

## Член 52

(1) Јавните патишта се опремуваат со сообраќајни знаци и сообраќајна сигнализација и заштитна опрема, зависно од сообраќајно-техничките услови на патот.

(2) Организирањето на поставување, заменување или отстранување на сообраќајните знаци, сообраќајната сигнализација и заштитната опрема на државните патишта ги врши Јавното претпријатие.

(3) Сообраќајните знаци, сообраќајната сигнализација и заштитната опрема на општинските патишта ги поставува, заменува или отстранува и уредно ги одржува општината, односно градот Скопје.

(4) Поставувањето, заменувањето и отстранувањето на сообраќајните знаци и заштитната опрема на јавните патишта се врши врз основа на техничка документација.

(5) Техничката документација во врска со сообраќајните знаци и сообраќајната сигнализација на јавните патишта ја одобрува Министерството за внатрешни работи.

(6) Министерот за транспорт во согласност со министерот за внатрешни работи го пропишува начинот за идентификација на јавните патишта со соодветен референтен систем и стационажа.

# VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

## Член 55

Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација,

одржување и заштита на јавните патишта и за работење на Јавното претпријатие

се обезбедуваат од:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;

2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила

(патна такса);

3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);

4) надоместок за :

а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас,

б) приклучување на пристапен пат на јавен пат,

в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас,

г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место,

д) прекумерно користење на пат,

ѓ) вонредниот превоз и

е) штета сторена на патот и објектите на патот;

5) средства од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на општините и на градот Скопје;

6) заеми и кредити и

7) други приходи.

**Член 58**

(1) Плаќање на надоместок за употреба на пат (патарина), од членот 55 точка 3 на овој закон, може да се воведе за:

1) употреба на автопат, експресен пат магистрален пат или нивен дел и

2) употреба на мост, вијадукт или тунел, изграден заради скратување на трасата на постојниот пат.

(2) Висината и начинот на наплата на надоместокот од ставот (1) на овој член ја утврдува Владата на Република Северна Македонија, во зависност од:

1) видовите на возила по категории;

2) извезеното растојание и

3) фреквенција на возилата.

(3) Наплатата на надоместокот од ставот (1) на овој член ја врши Агенцијата или правно лице избрано од страна на Јавното претпријатие на јавен оглас согласно со закон.

(4) Средствата собрани од надоместокот од ставот (1) на овој член се приход на Јавното претпријатие и се користат за финансирање на програмата за изградба, реконструкција, рехабилитацијата, одржување и заштита на државните патишта.

(5) За платениот надоместок од ставот (1) на овој член на корисникот на патот му се издава билет за патарина - фискална сметка или билет за наплата на патарина со претплата која корисникот е должен да ја чува во возилото за цело време на движење на патот како доказ за наплатена пататрина и да ја покаже на овластеното службено лице, определено со закон.

(6) Корисникот на патот е должен да застане на наплатната рампа заради наплата на патарина.

(7) Секој е должен да плати патарина при поминување на наплатна рампа.

(8) Забрането е при преминување на наплатната станица кршење на наплатната рампа.

**Член 60**

(1) Од средствата од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила што сопствениците на моторните возила го плаќаат при регистрација на возилото сопствениците на моторните возила 99% директно уплаќаат на сметка на Јавното претпријатие, а 1% станиците за технички преглед на моторни возила по извршениот технички преглед веднаш го трансферираат на сметка на Републичкиот совет за безбедност на патиштата.

(2) Станиците за технички преглед на моторни возила се должни на сопствениците на моторните возила да им го пресметаат износот од 99% кој треба да го платат како надоместок за употреба на јавните патишта (патна такса) за Јавното претпријатие при регистрацијата на моторните возила и без доказ за платен надоместок за употреба на јавните патишта (патна такса) за Јавното претпријатие, не смее да се изврши технички преглед на возилото.

(3) Јавното претпријатие склучува договори за извршување на работи поврзани со надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила што сопствениците на моторните возила го плаќаат при регистрација на возилото со правните лица овластени за вршење технички преглед на возила.

(4) Од уплатените средства на сметка на Јавното претпријатие, а остварени по основ на надоместокот од ставот (1) на овој член, 50% се приход на Јавното претпријатие и се користат за изградба, реконструкција, рехабилитација и заштита на државните патишта, а 50% се распределуваат на општините, односно на градот Скопје за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици согласно со годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици.

(5) Распределбата на средствата на општините, односно на градот Скопје го врши Јавното претпријатие врз основа на следниве критериуми: должината на општинските патишта и улици, бројот на регистрирани возила во општината и бројот на жители во општината и површина на општината.

(6) Начинот на распределба на средствата од ставот (4) на овој член го пропишува министерот за транспорт.

(7) За реализација на средствата од ставот (4) на овој член општините, односно градот Скопје поднесуваат извештај до Јавното претпријатие.

**Член 65**

Од плаќање на надоместок за употреба на јавните патишта (патна такса) се ослободуваат возилата на: лица заболени од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, хронично болни од најтежок облик на заболување од цистична фиброза, параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа (полиомиелитис), слепите лица со оштетување на видот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

**Член 66**

(1) Од плаќање на патарина за време на служба се ослободуваат:

1) возила со полициска придружба и

2) видливо означени возила на Армијата на Република Северна Македонија, полицијата, Царинската управа, Јавното претпријатие, итната медицинска помош, Црвениот крст на Република Северна Македонија, противпожарните служби, Државниот инспекторат за транспорт, Институтот за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување, Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонија пат“ - Скопје и погребалните возила.

(2) Од плаќање на патарина се ослободуваат возилата на потполно глуви лица со потврда за членство од Националниот сојуз за глуви лица, на лица заболени од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, хронично болни од најтежок облик на заболување од цистична фиброза, параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа (полиомиелитис), слепите лица со оштетување на видот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

(3) Во возилата на лицата од ставот (2) на овој член треба да има членски книшки издадени од надлежните здруженија, потпишани и заверени од страна на Јавното претпријатие со која се потврдува нивното ослободување од плаќање патарина.

**Член 79**

(1) Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице, ако:

1) не преземе итни мерки за отстранување на пречките кои го попречуваат нормалното и безбедно одвивање на сообраќајот (член 35);

2) постави натписи и рекламни табли без дозвола или спротивно на условите утврдени во дозволата (член 45);

3) не ги отстрани дрвјата и другите шумски и земјоделски култури покрај јавен пат кои ја попречуваат прегледноста (член 48);

4) во триаголниците на прегледноста гради објекти или врши работи што пречат на прегледноста на јавниот пат (член 49);

5) со сообраќајни знаци или на друг погоден начин не ги означи условите и режимот на сообраќајот на патот (член 51 став (2));

6) неовластено поставува, отстранува, преместува, засолнува или оштетува сообраќајни знаци и заштитна опрема на јавните патишта (член 53);

7) не ги извести корисниците на јавните патишта преку средствата за јавно информирање за запирање на сообраќајот (член 54);

8) корисникот на патот не застане на наплатната рампа за наплата на патарина (член 58 став (6));

9) не издаде билет за патарина - фискална сметка за платена патарина (член 58 став (5));

10) корисникот на патот билет за патарина - фискална сметка или билет за наплата на патарина со претплата не ја чува во возилото за целото време на движење на патот или не ја покаже на овластените лица определени со закон (член 58 став (5));

11) врши отстранување на оштетени возила и возила во дефект спротивно на издадената лиценца (член 64-а) и

12) го оневозможи или попречи вршењето на работите или не постапи по решението на инспекторите за патишта (член 71).

(2) Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) точки 3, 6 , 9 и 11 на овој член и на физичко лице.